ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје

# ИЗГРАДБА И ОПЕРАТИВНОСТ НА ЧЕТИРИ МАЛИ ХИДРО ЕЛЕКТРАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## *План за вклучување на заинтересирани страни*

**Забелешка**

Овој "План за вклучување на заинтересирани страни" е изработен со помош на Емпириа ЕМС ДООЕЛ Скопје како дел од процесот на објавување на податоци и консултации за проектот "Мали хидро електрани во Македонија"

ЕМПИРИА - ЕМС

декември 2010

# Содржина

Вовед ...3
1 Локации на мали хидро електрани ...4
2 Обврски за вклучување на заинтересирани страни ...10
2.1 Македонски контекст ...10
2.1.1 Регулативи за учество на јавноста во македонското законодавство ...10
2.1.2 Аквизиција на имот / аспекти на раселување на население ...11
2.2 Контекст на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) ...11
3 Преглед на вклучување на заинтересирани страни ...13
4 Идентификација на заинтересирани страни и комуникациски методи ...14
4.1 Идентификација на заинтересирани страни ...14
4.2 Карактеристики на заинтересирани страни ...15
4.3 Комуникациски алатки ...18
5 Објавување на информации ...20
6 Механизам за поплаки ...21
7 Контакт информации за Концесионерот ...21
Прилог ...22

# Вовед

Овој документ го опишува и дефинира **Планот за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС)** на проектот **“ИЗГРАДБА И ОПЕРАТИВНОСТ НА ЧЕТИРИ МАЛИ ХИДРО ЕЛЕКТРАНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”** (во понатамошниот текст – “Проектот”).

Во име на Владата на Република Македонија, македонското Министерство за економија објави неколку јавни повици за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидро електрани (МХЕ) по моделот Проектирање, Изградба, Оперирање и Пренос - DBOT (Design, Build, Operate and Transfer). Оваа програма на Владата предвидува изградба на околу 400 МХЕ со единечна електрична моќност до 5 MW или вкупна моќност од околу 250 MW. Очекуваното годишно производство на електрична енергија е околу 1.200 GWh.

Компанијата PCC SE е избрана за доделување на концесија за вода за изградба и оперативност на МХЕ на 4 локалитети. Нивниот капацитет е во рангот од 0,6 MW до 1,4 MW. Вкупниот инсталиран капацитет ќе изнесува 3,8 MW.

Договори за концесија со македонската влада се потпишани на 30-ти март 2010 година.

ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст – “Концесионерот”) е целосно во сопственост на компанијата PCC SE, која претставува холдинг на германска индустриска група со основна дејност во три сектори: хемикалии, енергија и логистика. PCC SE е една од водечките светски енергетски компании за искористување на обновливи видови на енергија, посветена на производство на електрична енергија од одржливи и еколошки извори.

Тековно, ПЦЦ ХИДРО ДООЕЛ Скопје спроведува подготвителни активности за иницијативата, која вклучува МХЕ на следните локалитети:

1. МХЕ “Галичник 3”, со моќност ≈ 1,1 MW
2. МХЕ “Патишка Река”, со моќност ≈ 0,6 MW
3. МХЕ “Градечка”, со моќност ≈ 0,7 MW
4. МХЕ “Брајчино 2”, со моќност ≈ 1,4 MW

Овој План за вклучување на заинтересирани страни е изработен во согласност со документите “Услови за реализација” на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), политиките за информирање на јавноста на ЕБОР и најдобрите меѓународни пракси, а со цел да се спроведат процедурите за информирање на јавноста и вклучување на заинтересираните страни (чинителите)[1]. Планот го вклучува следното:

- ✓ Локална законодавна рамка за обврски во врска со консултации и објавување на информации, особено во однос на оние активности за консултации со јавноста кои се директно пропишани во националниот процес за издавање дозволи.
- ✓ Идентификација на потенцијални заинтересирани страни во подрачјето засегнато од Проектот.

[1] “Заинтересирана страна / чинител” е лице, група или организација која е засегната или може да биде засегната од последиците во однос на животната средина и/или од социјалните последици од предложен проект / активност. Ова вклучува индивидуи / групи / организации кои изразуваат интерес во однос на проектот / активноста и интерес за учество во округли маси и состаноци, и/или имаат потенцијал да влијаат на имплементацијата на проектот.

- ✓ Опис на начинот како ќе бидат адресирани одредени загрижености или поплаки.
- ✓ Планиран пристап за понатамошни консултации за време на подготвување, изградба и оперативност на Проектот, вклучително детали за соодветните начини за ефективна и значајна интеракција со различните заинтересирани страни.
- ✓ План за објавување на информации, вклучувајќи идентификација на локациите каде локално ќе биде достапна релевантната проектна документација и јазиците кои ќе бидат користени.

Планот за вклучување на заинтересирани страни ќе биде редовно ревидиран и дополнуван. Ако настане промена на активностите или започне нова активност поврзана со процесот на вклучување на заинтересираните страни, Планот ќе биде дополнет. Исто така, за време на имплементација на Проектот, а според потребите, Планот ќе биде периодично ревидиран и дополнуван.

# 1 Локации на мали хидро електрани

Информации за локалитетите на четирите планирани МХЕ се дадени во следната табела.

<table>
<tr><th>Бр.</th><th>Име на локалитет</th><th>Локација</th><th>Постројки / Инфраструктура</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Галичник 3<br>(~ 1,1 MW)</td><td>Растојанието од селото Јанче до зафатот изнесува 1,5 km, а до машинската зграда - 600 m. Оваа МХЕ, вклучувајќи го селото Јанче и околното подрачје се наоѓаат на територијата на Националниот Парк Маврово.</td><td rowspan="4">✓ Зафатни конструкции (вклучувајќи таложници)<br>✓ Доводни канали<br>✓ Умирителни комори<br>✓ Цевоводи<br>✓ Машинска зграда<br>✓ Пристапни патишта, и<br>✓ Конекција со електро мрежа</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Патишка Река<br>(~ 0,6 MW)</td><td>Растојанието од селото Патишка Река до првиот зафат изнесува 1,4 km, до вториот зафат – 1,1 km и до машинската зграда - 400 m. Растојанието од Скопје до зафатите изнесува 34 km, а до машинската зграда - 33 km.</td></tr>
<tr><td>3</td><td>Градечка<br>(~ 0,7 MW)</td><td>Растојанието од градот Виница до зафатот изнесува 7,3 km, а до машинската зграда - 5 km. Од селото Градец до зафатот, растојанието изнесува 2,3 km, до машинската зграда - 200 m.</td></tr>
<tr><td>4</td><td>Брајчино 2<br>(~ 1,4 MW)</td><td>Растојанието од градот Ресен до зафатите и машинската зграда изнесува 35 km. Растојанието од селотот Брајчино до првиот зафат изнесува 3,3 km, до вториот зафат – 2,6 km, а до машинскта зграда – 1,4 km. Локацијата на оваа МХЕ се наоѓа во близина на границата со Република Грција, и е на територијата на Националниот Парк Пелистер.</td></tr>
</table>

Локациите на МХЕ на карта на Република Македонија и локациите на постројките на секоја од МХЕ се дадени на картите подолу.

Слика – Локации на МХЕ



Слика – Локација на постројки и инфраструктура на МХЕ Галичник 3



Слика – Локација на постројки и инфраструктура на МХЕ Патишка Река



Слика – Локација на постројки и инфраструктура на МХЕ Градечка



Слика – Локација на постројки и инфраструктура на МХЕ Брајчино 2



# 2 Обврски за вклучување на заинтересирани страни

## 2.1 Македонски контекст

### 2.1.1 Регулативи за учество на јавноста во македонското законодавство

Учеството на јавноста во сферата на просторно планирање и заштита на животната средина се регулирани преку:

- Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во процесот на донесување одлуки и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска конвенција), (Службен весник на РМ бр.40/99)
- Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, 37/07 и 24/08)
- Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08) и придружната подзаконска регулатива

Оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) од одредени проекти е обврска која треба да се спроведе во Македонија, согласно членовите 76 - 94 од Законот за животната средина. Овој закон и придружната подзаконска регулатива ги утврдува барањата за спроведување на оцена на потенцијалните влијанија врз животната средина од јавни и приватни проекти за кои се смета дека ќе влијаат значително врз животната средина. ОВЖС се спроведува пред издавање на дозвола за градба и на одобрение за имплементација на проектот.

Македонското законодавство кое се однесува на ОВЖС ги утврдува правилата и деталните процедури за вклучување на јавноста во процесот на донесување одлуки. Практичното вклучување на јавноста се спроведува преку: а) објавување на информации на јавноста, б) учество на јавноста, со цел таа да биде активно вклучена во јавни дискусии и да и се овозможи да доставува писмени мислења во различни фази на процесот на ОВЖС и в) преку механизмот за пристап до правдата, кога јавноста може да влијае во процесот на одлучување преку доставување жалби до суд или до комисијата од втор степен при Владата на Република Македонија.

Концесионерот ја иницираше процедурата за ОВЖС преку доставување на *Известување за намерата за спроведување на проектот* за секоја од четирите МХЕ, до македонскиот компетентниот државен орган за спроведување на постапката за ОВЖС – Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП). По спроведување на постапка за утврдување на потребата од оцена на влијанието на секоја од МХЕ врз животната средина, МЖСПП службено го информираше Концесионерот дека спроведување на целосна процедура за ОВЖС за сите четири предложени МХЕ не е потребна. Наместо тоа, Концесионерот ПЦЦ ХИДРО е задолжен да изготви Елаборати за заштита на животната средина за секоја од МХЕ, согласно членот 24 од Законот за животната средина и придружните подзаконски акти. Административната процедура за одобрување на Елаборатите не вклучува формална обврска за спроведување на процес на консултации со јавноста, ниту организирање на јавни расправи.

### 2.1.2 Аквизиција на имот / аспекти на раселување на население

Во случај кога некој објект од МХЕ треба да се гради на приватно земјиште, ПЦЦ ХИДРО ќе спроведе соодветен процес за склучување на Договор за купување на земјиштето и/или временски ограничен Договор за употреба на земјиштето со секоја засегната страна. Доколку, по вложени разумни напори, ПЦЦ ХИДРО не е во можност да склучи таков договор, ПЦЦ ХИДРО има право да побара поведување на постапка за експропријација на неопходното земјиште за спроведување на проектот. Процесот на експропријација ќе биде реализиран во согласност со македонскиот Закон за експропријација (Службен весник на РМ бр. 33/95, 20/98, 40/99, 31/03, 46/05 и 10/08).

Се очекува дека евентуалната аквизиција на имот нема да биде поврзана со било каква операција од принуден карактер, ниту се очекува недоброволно физичко или еконономско дислоцирање. Исто така, не се очекува одземање на средства за живот, ниту предизивикување на економски загуби.

Поради наведените причини, нема потреба од изготвување на Акционен план за раселување (АПР).

Секоја евентуална трајна загуба на земјиште, шума и друга сопственост, и можна штета за време на фазата на изградба или за време на оперативноста и одржувањето на инфраструктурата ќе биде предмет на компензација според позитивната македонска регулатива.

## 2.2 Контекст на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР)

Во рамките на своите инвестициони активности и активности за техничка соработка, Европската банка за обнова и развој се обврзува да го промовира концептот за заштита на животната средина и постигнување на одржлив развој. Следствено, ЕБОР ги формулира сопствените политика и барања за заштита на животната средина со цел да се постигнат следните две основни цели:

- Обезбедување дека потенцијалните ефекти врз животната средина за секој инвестиционен проект финансиран од ЕБОР се идентификувани и оценети во рана фаза во процесот на планирање на проектот / процесот на донесување на одлуки, т.е. интегрирање на аспектите на животната средина во проектниот циклус, вклучително во подготовката, одобрувањето и имплементацијата на проектот.
- Развивање / користење на техники дизајнирани за унапредување на аспектите на животната средина во сите проекти финансирани од ЕБОР.

Тековниот проект е воден според Политиката за заштита на животната средина на ЕБОР и соодветните Услови за реализација (УР), усвоени во 2008 година. Специфичните барања за вклучување на заинтерсираните страни се утврдени во следните документи:

- Политика за заштита на животната средина и социјална политика на ЕБОР (2008)
- Политика за информирање на јавноста на ЕБОР (2008)
- УР 10 - Објавување на податоци и вклучување на заинтерсирани страни (2008).

Останати релевантни документи за проекти кои се финансирани од ЕБОР вклучуваат:

- Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во процесот на донесување одлуки и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска конвенција)
- Директивата на ЕУ 85/337/ЕЕС, дополнета за директивата 97/11/ЕС, за оцена на ефектите врз животната средина од одредени јавни и приватни проекти.

ЕБОР го разгледува процесот на консултации со јавноста и вклучување на заинтересираните страни како отворен и тековен процес, кој би требало започне во најраната фаза на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина и да продолжи во текот на целокупниот животен циклус на проектот.

Основен елемент на процесот за вклучување на заинтересираните страни, а со цел да се обезбеди суштествен и ефективен процес на консултации, е внимателна идентификација на сите вклучени чинители и оцена на нивните грижи, очекувања и преференци. Особено внимание треба да се обрне на идентификување на ранливите заинтересирани страни чиј живот и благосостојба е во директна зависност од активностите на проектниот инвеститор. Консултациите и дијалогот со овие заинтересирани страни треба да биде планиран и спроведуван со особено внимание.

Дополнително, ЕБОР очекува од проектниот инвеститор да воспостави и одржува ефективен механизам за поплаки, со кој ќе се осигура дека поплаките и прашањата на секоја заинтересирана страна се примени, процесирани и решени навремено и на ефективен начин.

Одржување на блиска интеракција со локалните заедници и промовирање на проектот треба да биде основен елемент на корпоративните политики и активности на сите компании заемобаратели од ЕБОР. И во случај кога не постои експлицитно барање за социјални активности, ЕБОР ги охрабрува и цени овој вид на активности.

# 3 Преглед на вклучување на заинтересирани страни

ПЦЦ ХИДРО ќе овозможи информирање / учество на јавноста и консултации со јавноста за време на имплементација сите фази од животниот циклус на проектот.

Во текот на спроведување на процесот за претставување на проектот, ПЦЦ ХИДРО организираше и спроведе неколку консултативни состаноци со надлежните институции и жителите на населените места во близина на секој од локалитетите на МХЕ. Целта на овие состаноци беше да се информираат институциите и да се доставaт информации до локалното население во врска со изградбата и оперативноста на МХЕ, како и да се овозможи населението да го искаже своето мислење и евентуалните грижи во врска со предвидените проектни активности.

Во контекст на активностите на информирање и вклучување на релевантните чинители во процесот на оцена на влијанијата врз животната и социјалната средина, беа организирани состаноци (i) со претставници на администрациите на секоја од општините на чија територија се планира воспоставување на МХЕ и (ii) со претставници на секоја од засегнатите месни заедници.

Дополнително, како информативна алатка, за секоја од МХЕ подготвен е лифлет на Македонски јазик. Генерално, истиот вклучува:

- Кратко резиме на проектот.
- Краток опис на на процесот на оцена на влијанијата врз животната и социјалната средина.
- Краток опис на процесот на вклучување на заинтересираните страни и механизмот за поплаки.

Раното информирање и вклучување на различните заинтересирани страни беше реализирано преку организација на работилница за обемот на анализата на влијанијата врз животната средина и социјалните влијанија од спроведување на проектот. Оваа работилница се одржа на 30-ти јуни 2010 година, како еднодневен настан, со учество на релевантни засегната страни. Истата вклучи презентации за Проектот и обемот на оцената на влијанието, како и претставување на нацрт верзијата на овој План за вклучување на заинтересирани страни.

Како дел од процесот за оцена на влијанијата врз животната и социјалната средина, на 6-ти декември 2010 година, Концесионерот организираше завршна работилница. Целта на овој настан беше да се презентираат и дискутираат информациите и наодите од процесот за оцена на влијанието врз животната и социјалната средина од малите хидро електрани на различните заинтересирани страни. За секоја од планираните МХЕ, на учесниците на завршната работилница беа дистрибуирани следните документи:

- Не-техничко резиме (НТР), и
- Акционен план за животна и социјална средина (АПЖСС).

Исто така, на работилницата беше презентиран овој План за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС).

# 4 Идентификација на заинтересирани страни и комуникациски методи

## 4.1 Идентификација на заинтересирани страни

Посојат неколку групи на луѓе и социјални групи кои се заинтересирани за Проектот на различни нивоа. Истите можат да бидат опишани на следниот начин:

- ✓ луѓе и социјални групи кои ќе бидат под директно или индиректно влијание од Проектот
- ✓ луѓе и социјални групи кои ќе учествуваат во имплементација на Проектот
- ✓ луѓе и социјални групи кои имаат можност да влијаат врз имплементацијата на Проектот и да донесуваат одлуки во врска со имплементацијата на Проектот.

Идентификацијата на заинтересираните страни според горната класификација е дадена во следната табела.

Табела – Идентификација на заинтересирани страни

| Заинтересирани страни кои ќе бидат под директно или индиректно влијание од Проектот | Заинтересирани страни кои ќе учествуваат во имплементација на Проектот | Заинтересирани страни кои имаат можност да влијаат врз имплементацијата на Проектот |
|---|---|---|
| • Жители на селата и заедниците каде ќе бидат лоцирани МХЕ и придружната инфраструктура<br>• Жители на општините каде ќе бидат лоцирани МХЕ и придружната инфраструктура<br>• Сопственици на земјиште каде каде ќе бидат лоцирани објектите на МХЕ и столбовите на далекуводите<br>• Жители покрај транспортните рути / пристапните патишта<br>• НВО – асоцијации на локално и национално ниво | • Концесионер<br>• Вработен персонал на Концесионерот (внатрешни заинтересирани страни)<br>• Градежни компании<br>• Добавувачи на опрема<br>• Транспортни компании<br>• Енергетски компании (мрежи за пренос и дистрибуција на електрична енергија) | • Владина администрација<br>• Администрација на општини<br>• Општински совети<br>• Лоакални инспекторати<br>• Министерство за ж. средина и просторно планирање<br>• Министерство за транспорт и врски<br>• Министерство за економија<br>• Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>• Министерство за здравство<br>• Национални паркови (онаму каде е релевантно)<br>• Сервиси за итни случаи |

## 4.2 Карактеристики на заинтересирани страни

Табела – Заинтересирани страни - под директно или индиректно влијание од Проектот

| МХЕ Галичник 3 (моќност ≈ 1.1 MW) | | | |
|---|---|---|---|
| Заинтересирани страни | | Население *) | Комуникациски метод |
| Жители на<br>(i) села / заедници<br>(ii) општина<br>каде ќе бидат лоцирани МХЕ и придружната инфраструктура | село Јанче | 146 | информатор, консултациони состаноци со јавноста |
| | опш. Маврово и Ростуше | 8.618 | |
| Сопственици на земјиште | | | лично |
| Жители покрај транспортни рути / пристапни патишта | | | лично |
| НВО – асоцијации на локално и национално ниво | | | e-mail, информатор, web-страна |
| **МХЕ Патишка Река (моќност ≈ 0.6 MW)** | | | |
| Заинтересирани страни | | Население *) | Комуникациски метод |
| Жители на<br>(i) села / заедници<br>(ii) општина<br>каде ќе бидат лоцирани МХЕ и придружната инфраструктура | село Патишка Река | 579 | информатор, консултациони состаноци со јавноста |
| | опш. Сопиште | 5.656 | |
| Сопственици на земјиште | | | лично |
| Жители покрај транспортни рути / пристапни патишта | | | лично |
| НВО – асоцијации на локално и национално ниво | | | e-mail, информатор, web-страна |
| **МХЕ Градечка (моќност ≈ 0.7 MW)** | | | |
| Заинтересирани страни | | Население *) | Комуникациски метод |
| Жители на<br>(i) села / заедници<br>(ii) општина<br>каде ќе бидат лоцирани МХЕ и придружната инфраструктура | село Градец | 1.245 | информатор, консултациони состаноци со јавноста |
| | опш. Виница | 19.938 | |
| Сопственици на земјиште | | | лично |
| Жители покрај транспортни рути / пристапни патишта | | | лично |
| НВО – асоцијации на локално и национално ниво | | | e-mail, информатор, web-страна |
| **МХЕ Брајчино 2 (моќност ≈ 1,4 MW)** | | | |
| Заинтересирани страни | | Население *) | Комуникациски метод |
| Жители на<br>(i) села / заедници<br>(ii) општина<br>каде ќе бидат лоцирани МХЕ и придружната инфраструктура | села Брајчино | 134 | информатор, консултациони состаноци со јавноста |
| | опш. Ресен | 16.825 | |
| Сопственици на земјиште | | | лично |
| Жители покрај транспортни рути / пристапни патишта | | | лично |
| НВО – асоцијации на локално и национално ниво | | | e-mail, информатор, web-страна |

*) Извор: Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002 година

Табела – Заинтересирани страни - учествуваат во имплементација на Проектот

| Заинтересирана страна | | Комуникациски метод |
|---|---|---|
| Концесионер | | Во согласност со правилата и процедурите за интерна комуникација на Концесионерот |
| Вработен персонал на Концесионерот | | Во согласност со правилата и процедурите за интерна комуникација на Концесионерот |
| Градежни компании | | Во согласност со правилата вградени во договорот/рите помеѓу Концесионерот и градежните компании |
| Добавувачи на опрема | | Во согласност со правилата вградени во договорот/рите помеѓу Концесионерот и добавувачите на опрема |
| Транспортни компании | | Во согласност со правилата вградени во договорот/рите помеѓу Концесионерот и транспортните компании |
| Енергетски компании | МЕПСО (Македонски електро преносен систем оператор) | Во согласност со правилата вградени во договорот помеѓу Концесионерот и МЕПСО |
| | EVN Македонија (Електро дистрибутивна компанија) | Во согласност со правилата вградени во договорот помеѓу Концесионерот и EVN Македонија |

Табела – Заинтересирани страни – со можност да влијаат врз имплементација на Проектот / 1

| Заинтересирана страна | | Комуникациски метод | |
|---|---|---|---|
| **Министерства** | Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Бул. “Гоце Делчев", зграда на МРТВ (спрат 10,11 и12), Скопје<br>Тел.:+389 3 251-400<br>Факс:+389 3 220-165<br>интернет: www.moepp.gov.mk<br>e-mail: info@moepp.gov.mk | • Официјални писма / коресподенција<br>• Доставување на документација | Тековен процес, во согласност со административни процедури |
| | Министерство за економија<br>ул. Јуриј Гагарин бр.15, Скопје<br>Тел.: + 389 2 3093-408<br>Факс: + 389 2 3084-472<br>интернет: www.economy.gov.mk<br>e-mail:contact@economy.gov.mk | • Официјални писма / коресподенција<br>• Доставување на документација | Тековен процес, во согласност со административни процедури |
| | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>ул. Јуриј Гагарин бр.15, Скопје<br>Тел.: + 389 02 3134- 477<br>Факс: + 389 02 3134- 477<br>интернет: www.mzsv.gov.mk | • Официјални писма / коресподенција<br>• Доставување на документација | Тековен процес, во согласност со административни процедури |
| | Министерство за транспорт и врски<br>ул.Црвена скопска општина бр.4, Скопје<br>Тел.: + 389 2 3145-497<br>Факс: + 389 2 3126-228<br>интернет: www.mtc.gov.mk | • Официјални писма / коресподенција<br>• Доставување на документација | Тековен процес, во согласност со административни процедури |

Табела – Заинтересирани страни – со можност да влијаат врз имплементација на Проектот / 2

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Администрација на општини** | опш. Маврово и Ростуше<br>1254, Маврово и Ростуше<br>Тел: + 389 42 478-815<br>Факс: + 389 42 478-814<br>e-mail:<br>mavrovorostuse@yahoo.com | • Консултативни состаноци<br>• Коресподенција во врска со проектите<br>• Размена на информации<br>• Доставување на документација | Тековен процес, во согласност со административни процедури |
| | опш. Сопиште<br>ул.2 бр.2, 1054 Сопиште<br>Тел: + 389 2 2785-100<br>Факс: + 389 2 2785-109<br>www.opstinasopiste.gov.mk<br>e-mail: opstina sopiste@t-home.mk | | |
| | опш. Виница<br>ул. Бел Камен бб, 2310 Виница<br>Тел: + 389 33 361-945<br>Факс: + 389 33 363-294<br>www.opstinavinica.gov.mk<br>e-mail: ovinica@t-home.mk | | |
| | опш. Ресен<br>плоштад Маршал Тито 20,<br>7310 Ресен<br>Тел: + 389 47 454-450<br>Факс: + 389 47 452-200<br>www.resen.gov.mk<br>e-mail: resen@resen.gov.mk | | |
| **Национални паркови / Заштитени подрачја**<br><br>релевантно за:<br>• МХЕ Галичник 3<br>• МХЕ Брајчино 2<br>• МХЕ Патишка Река | Национален Парк Маврово<br>с. Маврово<br>Тел: + 389 42 489-019 &<br>+ 389 42 489-505<br>www.npmavrovo.org.mk | • Консултативни состаноци<br>• Коресподенција во врска со проектите<br>• Размена на информации | Тековен процес |
| | Национален Парк Пелистер<br>ул. 29$^{ти}$ Ноември 14, 7000 Битола<br>Тел: + 389 47 233-464<br>www.nppelister.org.mk<br>e-mail: nppinfo@nppelister.org.mk | | |
| | ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје – Јасен<br>www.jasen.com.mk<br>e-mail: info@jasen.com.mk | | |

Табела – Заинтересирани страни – НВО заинтерсирани за проектот

<table>
<tr><th>Име</th><th>Контакт детали</th><th colspan="2">Комуникациски метод</th></tr>
<tr><td>Друштво на екологисти на Македонија (ДЕМ)</td><td>Васил Ѓоргов 39, Скопје<br>Тел: + 389 2 3290-118<br>Факс: + 389 2 3220-518<br>www.dem.org.mk<br>e-mail: dem@dem.org.mk</td><td rowspan="4">• директни состаноци<br>• e-mail<br>• web страница</td><td rowspan="4">На барање</td></tr>
<tr><td>Македонски зелен центар (МЗЦ)<br>(група на 6 НВО активни во секторот енергетика)</td><td>Огњан Прица 1-4/23, Скопје<br>Тел /Факс: +389 2 6132 432<br>Тел: +389 78 205 217<br>www.zeleni.org.mk<br>e-mail: zeleni@zeleni.org.mk</td></tr>
<tr><td>Македонско еколошко друштво (МЕД)</td><td>ул. К.Ј.Питу 28/3-7, Скопје<br>Факс: + 389 2 2402-774<br>www.mes.org.mk<br>e-mail: contact@mes.org.mk</td></tr>
<tr><td>Локални НВО:<br>• Здружение за одржлив развој – Брајчино<br>• (други НВО ќе бидат идентификувани)</td><td>• С.Брајчино</td></tr>
</table>

## 4.3 Комуникациски алатки

Генерално, Концесионерот ги практикува следните методи за комуникација со јавноста:

- Информација преку мас-медиуми и извори базирани на интернет
- Состаноци со јавноста (округли маси со претставници на јавноста)
- Брошури и лифлети за подигнување на јавната свест
- Годишни извештаи (вклучувајќи информации за постигнатите цели за заштита на животната средина, здравјето и безбедноста, и развојот на заедниците)
- Поддршка за разновидни проекти за развој на заедниците.

Во насока на промоција и проширување на дијалогот со заинтересираните страни, а со цел за целосно усогласување со релевантните барања на ЕБОР, ПЦЦ ХИДРО ќе разгледа можности за дополнителни комуникациско – интерактивни методи.

**Генерални информации**, составени од најважни информации поврзани со различни фази на Проектот (планирање, изградба и оперативност) ќе бидат достапни:

- на информативните табли во просториите на општините
- кај претставниците на месните заедници
- на web страницата на Концесионерот [2]
- во локални весници.

**Детални информации**, вклучително релевантни документи како: Не-техничко резиме (НТР), План за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС), Акционен план за животна и социјална средина (АПЖС), како и извештаи за оцена на влијанијата врз животната и социјалната средина (ОВЖСС), вклучувајќи еколошки решенија /

[2] ПЦЦ ХИДРО ќе воспостави своја интернет страница во најскоро време

согласности и градежни дозволи, би биле достапни во печатена копија по претходно барање:

- во просториите на релевантните министерства
- во просториите на засегнатите општини
- во просториите на Концесионерот во Скопје.

Електронски верзии на споменатите документи (НТР, ПВЗС и ОВЖСС) ќе бидат достапни на web страницата на Концесионерот.

Контактните информации на претседателите на месните заедници се дадени во следната табела.

Табела – Претседатели на месни заедници (МЗ)

| **МХЕ** | **Општина** | **Села под влијание од МХЕ** | **Претседател на МЗ (контакт детали)** |
|---|---|---|---|
| Галичник 3 | Маврово и Ростуше | Јанче | Г-дин Тефик Тефиковски<br>МЗ Јанче<br>факс: + 389 42 478 814 |
| Патишка Река | Сопиште | Патишка Река | Г-дин Џабир Реџеповски<br>МЗ Патишка Река<br>факс: + 389 2 2785-109 |
| Градечка | Виница | Градец | Г-дин Бранко Горгиев,<br>МЗ Градец<br>факс: + 389 33 363-294 |
| Брајчино 2 | Ресен | Брајчино | Г-дин Васко Костовски<br>МЗ Брајчино<br>факс: + 389 47 452-200 |

# 5 Објавување на информации

Објавувањето на релевантни проектни информации им овозможува на заинтересираните страни да ги разберат проектните еколошки и социјални ризици, влијанија и можности.

Концесионерот има намера да го имплементира Проектот како пример за добра пракса на полето на изградба и оперативност на инфраструктура за искористување на силата на водата за производство на електрична енергија, со вклучување на заинтересираните страни. Концесионерот има намера да одржува добра комуникација со заинтересираните страни за време на животниот циклус на Проектот. Согласно овој пристап, целта на објавувањето на информациите и комуникацијата ќе биде:

- Да обезбеди распоред и информација на локалните заедници за планираните активности.
- Да го подобри знаењето за сите аспекти на еден проект за МХЕ и што таков проект вклучува во сите проектни фази.
- Да и потврди на јавноста дека компанијата ќе осигура најдобри пракси за заштита на животната средина и здравјето и безбедноста на работниците, градежните изведувачи, сервисните компании, итн.
- Да и овозможи на јавноста процедура за поплаки, со цел да се соберат евентуални негативни реакции и да се реагира во правец на корегирање на причините кои може да водат кон негативно мислење за спроведување на Проектот.

Со цел да се обезбеди транспарентност и достапност на информации во врска со МХЕ за време на фазите на планирање, изградба и оперативност, Концесионерот ќе ги спроведе следните активности:

- Ќе биде подготвен **еднострaн информативен лифлет** (на Македонски јазик). Истиот ќе биде дистрибуиран во подрачјата каде се планирани МХЕ, пред се во просториите на општинските администрации. Лифлетот ќе вклучи најважни информации за МХЕ и податоци за контакт лица со детали за контакт.
- **Информации на web страница.** Концесионерот ќе објавува проектни информации на својата интернет страница. Информациите ќе бидат достапни на Македонски и Англиски јазик. Во случај на измени во Проектот, Концесионерот ќе ги објави измените и ефектите од истите.

Следната документација треба да биде достапна на јавноста на интернет и во печатена форма, по претходно барање:

i. Проектното Не-техничко резиме (НТР).
ii. План за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС), вклучително со Механизам за поплаки.
iii. Акционен план за животна и социјална средина (АПЖСС).

Дополнително, оние заинтересирани страни кои се директно вклучени во активностите за изградба на МХЕ, ќе имаат пристап до следните информации:

iv. План за изградба и релевантни документи за градење
v. План за изградба на далекуводот и релевантни документи

vi. План за транпсорт

vii. Извештаи за оцена на влијанијата врз животната и социјалната средина (ОВЖСС) за секоја од планираните МХЕ

viii. Решение / согласност за усвојување на документи за заштита на животната средина и дозвола за градење

# 6 Механизам за поплаки

Концесионерот ќе имплементира Механизам за поплаки за да обезбеди дека со него ќе биде адресирана секоја поплака од страна на засегнатите страни и заедници. Особено внимание ќе биде дадено на обука на персоналот на ПЦЦ ХИДРО, вклучен во управувањето на овој механизам. Процесот на механизамот за поплаки и формуларот за поплака се дадени во Прилог. За процесирање на поплаките ќе биде користена следната индикативна временска рамка:

- Писмена потврда за прием на поплака: во рок од пет денови по приемот на поплаката.
- Препорачано решение: во рок од 30 денови од приемот на поплаката.

Дополнително, активниот механизам за поплаки треба да биде проширен со следните активности:

- На web страната на Концесионерот ќе биде објавен линк за добивање на формуларот за поплака.
- Информација за начинот на доставување на поплака ќе биде поставена на информативните табли и web страниците на локалните власти.
- Концесионерот ќе определи одговорни лица за справување со поплаките од населението.

Механизам за поплаки за работниците на градежните компании ќе биде воспоставен посебно или како дел од генералниот систем. Изведувачите на градежни работи ќе бидат известени од страна на Концесионерот за потребата од имплементација на механизам за поплака за неговите вработени, во согласност со барањата на ЕБОР.

Планираниот формулар за поплака е презентиран во Прилог. Овој формулар на Македонски јазик ќе биде објавен на web страницата на ПЦЦ ХИДРО со опис на механизмот за поплаки и ќе биде доставен до релевантните општински институции.

# 7 Контакт информации за Концесионерот

Компанија: ПЦЦ ХИДРО

Поштенска адреса: ул. Козле 1-Б, 1000 Скопје, Македонија

Тел: + 389 2 3085-088

Факс: + 389 2 3085-088

E-mail адреса: olivera.anceva@pcc.eu

# Прилог

Слика – Дијаграм за процесирање на поплаки



Слика – Формулар за поплака (МХЕ Галичник 3 и МХЕ Брајчино 2)

## Формулар за поплака

| | |
|---|---|
| **Реф. бр.** | |
| **Име и презиме** | |
| **Информации за контакт**<br><br>Ве молиме, означете го начинот како сакате да бидете контактирани | ☐ **По пошта: Ве молиме, доставете поштенска адреса** ________________________________<br>________________________________<br>________________________________<br>☐ **По телефон:** ________________________________<br>☐ **По e-mail:** ________________________________ |
| **Преферирав јазик на комуникација:** | ☐ **Македонски**<br>☐ **Англиски** |
| | |
| **Опис на инцидентот или поплаката:** | Што се случи? Каде се случи? На кого му се случи? Што е резултатот на проблемот? |
| | |
| **Датум на инцидентот/поплаката** | |
| | ☐ Еднократен инцидент / поплака (датум ________________)<br>☐ Се случи повеќе од еднаш (колку пати? ________________)<br>☐ Тековно (се случува во моментот) |
| | |
| **Што би сакале да се направи за да се реши проблемот?** | |
| | |

Потпис: ________________________________

Датум: ________________________________

Ве молиме, доставете го овој формулар до:

Г-дин Кристиан Глигоровски
ул. Козле1-Б, 1000 Скопје, Македонија
Тел.: + 389 2 3085-088
Факс: + 389 2 3085-088
e-mail: kristian.gligorovski@pcc.eu

Слика – Формулар за поплака (МХЕ Патишка Река и МХЕ Градечка Река)

## Формулар за поплака

| | |
|---|---|
| **Реф. бр.** | |
| **Име и презиме** | |
| **Информации за контакт**<br><br>Ве молиме, означете го начинот како сакате да бидете контактирани | ☐ **По пошта: Ве молиме, доставете поштенска адреса** ______________________________<br>☐ **По телефон:** ____________________<br>☐ **По e-mail:** ____________________ |
| **Префериран јазик на комуникација:** | ☐ **Македонски**<br>☐ **Англиски** |
| **Опис на инцидентот или поплаката:** | Што се случи? Каде се случи? На кого му се случи? Што е резултатот на проблемот? |
| | |
| **Датум на инцидентот/поплаката** | |
| | ☐ Еднократен инцидент / поплака (датум _______________)<br>☐ Се случи повеќе од еднаш (колку пати? _______________)<br>☐ Тековно (се случува во моментот) |
| **Што би сакале да се направи за да се реши проблемот?** | |
| | |

Потпис: ____________________________

Датум: ____________________________

Ве молиме, доставете го овој формулар до:

Г-дин Сашо Глигоров
ул. Козле1-Б, 1000 Скопје, Македонија
Тел.: + 389 2 3085-088
Факс: + 389 2 3085-088
e-mail: saso.gligorov@pcc.eu